Промоција на книгата од Димитрије Бужаровски „Увертирата оп. 54 и четирите симфонии“

На 8 јуни во 20 часот ќе се одржи Zoom промоција на најновата книга за творештвото на Димитрије Бужаровски: Увертирата оп. 54 и четирите симфонии: *Fantasia quasi una Sinfonia* оп. 4, Симфонија *Раѓање на слободата* оп. 9, *TechnoSymph* оп. 42, *Вокална симфонија* оп. 53. Оваа книга е издадена од Факултетот за музичка уметност во Скопје и како и претходната, *Од Шеќерна до Деспина*, може да се преземе во pdf формат на страницата на архивот BuzAr: http://buzar.mk

Книгата содржи голем број информации околу настанувањето и изведбите на овој дел од опусот на Димитрије Бужаровски, вклучувајќи ги и деталните анализи на формата и останатите музички аспекти на делата.

Промоцијата ќе ја води деканот на ФМУ, проф. м-р Живко Фирфов, а ќе ја промовираат рецензентите проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја и проф. д-р Трена Јорданоска. Покрај нив и авторот проф. д-р Димитрије Бужаровски во промоцијата ќе учествуваат и тројцата диригенти проф. д-р Сузана Костиќ, проф. Велко Тодевски и проф. м-р Борјан Цанев кои ги изведе делата обработени во оваа книга.

Снимките од Увертирата и симфониите може да се проследат на YouTube каналот на архивот BuzAr.

https://www.youtube.com/channel/UCoRrgui0j6bK9s70nPpM79w

Снимката од целиот настан веднаш ќе биде поставена на истиот YouTube канал, а до неа ќе води и линк од страницата на ФМУ.

